**20150642272**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014 и 20/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 16 април 2015 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2015), во член 7 се додава нов став 4 кој гласи:

„По исклучок за лицата кои остваруваат приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, а немаат друг основ на осигурување, статусот на осигурено лице се утврдува од денот на пристигнување на пријавата од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за исплата на надоместок по основ на договор за дело и/или авторски договор или друг договор. Осигуреното лице правата од задолжителното здравствено осигурување ги користи во временскиот период утврден во пристигнатата пријава од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, но не повеќе од 60 дена.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 – 7151/1
16 април 2015 година
Скопје

Управен Одбор
Претседател,
**Ангел Митевски,** с.р.